труд од ваков вид во нашата историографија. Имајќи го предвид значењето на библиографиите за научното истражување, овој труд ќе задоволи една веќе од поодамна итна потреба. Имено, сите оние што ги интересира стопанската историја добиваат трајно и значајно помагало во својата работа.

Треба да се одбележи, меѓутоа, дека начинот на кој се презентирани библиографските единици — на едно место за сите подрачја на Југославија — ја прави библиографијата непрегледна и „тешка" за ползување. Освен по гранки на дејноста, библиографските единици бездруго требало да бидат дадени и по социјалистички републики, а уште подобро и по историски периоди. Едно идно издание секако би морало да смета на ова.

Ристо ХРИСТОВ

## МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ПЕЧАТ, СКОПЈЕ, 1979, 269

Во македонската историска наука досега не беше доволно проучено прашањето за журналистичката дејност на Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО). Навистина, одделни историографи во своите трудови се ползуваа со одделни статии и прилози од одделни журналистички органи на Македонската револуционерна организација. Меѓутоа, досега се останувале само на тоа. За поголем дел од научно-културната и општествена јавност досега не беше позната и достапна издавачката дејност на пишаниот збор преку весници од страна на Македонската револуционерна организација, особено што најголем дел од печатените органи на Организацијата излегувале надвор од Македонија.

Секако на одреден начин се задоволи таа празнина од областа на младата македонска журналистичка наука со појавата на публикацијата *Македонскиот револуционерен печат* во издание на Мисла, Скопје. Истата содржи избрани статии од весниците *„Право", „Изгрев", „Дело" и „Слобода или смрт"*. Изборот и преводот на статиите е извршен од страна на познатиот наш општественик и журналист д-р Боро Мокров. Покрај тоа, Мокров е автор и на уводниот дел на публикацијата што се состои од два дела и тоа: Гоце и македонскиот револуционерен печат (с. 5—13) и Увод (с. 15—25). Во првиот прилог Мокров накусо нè запознава со огромниот интерес и дејност на апостолот на македонското национално-ослободително движење — Гоце Делчев околу потребата за издавање на весници како органи на Македонската револуционерна организација, како што се впрочем револуционерните весници: „Право", „Дело" и „Слобода или смрт". Со тоа авторот ни го прикажува Гоце Делчев како основоположник или духовен испи-

ратор и организатор на македонскиот револуционерен печат[1])

Потоа во уводот Боро Мокров дава куса анализа од појавата на жаурналистиката кај нас во времето на делувањето на Македонската револуционерна организација, па сè до излегувањето на весниците со револуционерна содржина како органи на Македонската организација. Како такви, Мокров ги посочува весниците „Право", „Дело" и „Слобода или смрт". Со тоа авторот на најдобар можен начин нè упатува кон проблематиката што се однесува на македонскиот револуционерен печат.

Во оваа смисла, во публикацијата се поместени подбор од триесет и три статии и пролози од весникот „Право" (с. 29—116), кои го опфаќаат периодот од 24 мај 1902 до 8 март 1903 година. По хронолошки ред, потоа, е поместен весникот „Изгрев" (119—158). Истиот иако не е орган на ТМОРО, сепак идејно многу близок на Организација, Мокров го сврстува како орган на Организацијата. Шеснаесетте статии и прилози од овој весник го опфаќаат периодот од 9 јуни 1901 до 5 октомври 1903 година. Потоа следува вториот орган на ТМОРО весникот „Дело" (163—136), кој се однесува на временскиот период од 31 декември 1901 до 28 јули 1902 година. Од истиот Мокров извршил подбор на дваесет и две статии и пролози. На последно место се поместени седум статии од весникот „Слобода или смрт" (239—269), кои се однесуваат на периодот од 10 февруари 1903 до 21 април 1903 година.

Основната цел во содржината на повеќето статии и прилози, дури и на поситните написи во споменативе весници, е да се прикаже борбата за ослободување на Македонија како борба на македонскиот народ со единствена цел за добивање на нејзина самостојност. Секакво мешање од надвор во работите на Македонската револуционерна организација, се истакнува во статиите, е штетна за ослободувањето на Македонците од повеќевековното турско ропство.

Во сите весници поместени се безброј статии и прилози во кои се говори за авангардната улога на ТМОРО, која единствено можела да води борба за ослободувањето на македонскиот народ. Во оваа смисла, уште во неколкуте уводни статии на весникот „Право", на читателите им се претставува дејноста на ТМОРО и за што се бори таа. Така, во серија на статии под наслов *Внатрешна револуционерна организација* се поместени следниве поднаслови: „Потеклото", „Задачите", „Составот", „Дејноста", „Месните пречки", „Надворешните пречки", „Зошто се скараа двете организации" и на крајот „Заклучокот".[2])

Во најголем број статии е прикажана штетната дејност на

---

[1]) Види ја статијата на Боро Мокров, Гоце и македонскиот револуционерен печат, Зборник: Гоце Делчев и македонското национално револуционерно движење, Скопје, 1973, 205—213.

[2]) За ова види поопширно во статијата на Боро Мокров, Борбата за идејна и политичка чистота на македонскиот народ преку весниците на ВМОРО, Зборник: Прилози за Илинден 1978, II, Крушево, 1979, 207—225.

самобитната борба на македонскиот народ од страна на официјалниот бугарски двор, на бугарските влади, а особено од страна на Врховниот комитет во Софија. Во оваа смисла, на страниците на весникот „Право“, „Дело“, „Слобода или смрт“, „Изгрев“ и други ќе се поведе перманентна пропагандна дејност за да им ја прикажат на бугарската јавност, на македонската емиграција во Бугарија, па дури и на светската јавност асимилаторската и штетна дејност на бугарските официјални органи, вклучувајќи го тука и Врховниот комитет. Така весникот „Дело“ во статијата под наслов *Една недобросовесна заштита* (бр. 10—11, 18. III 1903) истапува против Врховниот комитет со следниве аргументи:

„...Да, ние се бориме против дејноста на сегашниот Комитет, ние го сакаме неговото премавнување, зашто зад неговиот грб, ние гледаме едни нечесни раце кои сакаат да го искористат македонското дело за интереси туѓи на ослободителната цел; зашто зад грбот на Комитетот Цончев — Михајловски, ние го гледаме бугарскиот дворец и владата“... Држејќи се на принципите на самостојноста на Македонската револуционерна организација, понатаму во статијата се продолжува: „...Нашата борба е принципиелна борба, идејна борба. И ние нема да го оставиме оружјето сè до тогаш додека на сите државници и царедворци не им дадеме да разберат дека македонското дело не е грне во кое може секој слободно да ја тури раката во него. А тоа ќе биде постигнато заедно со победата на идејата за полна автономија и хегемонија на Внатрешната револуционерна организација. Победата на овој принцип денес е во исто време победа на идната автономна и независна Македонија“.

Потоа на страниците на органите на Македонската револуционерна организација се поместени статии, кои ја прикажуваат штетната дејност за борбата на македонскиот народ за црковно-политичка самостојност што доаѓала од страна на духовните институции како што се: Егзархијата, Цариградската патријаршија, Римокатоличката црква и други. Повеќе статии се посветени на односот на соседните земји Србија, Грција и Романија спрема македонското прашање. Така во уводната статија на весникот „Слобода или смрт“ (бр. 11, 14. IV 1903) се вели:

„На секого, и малку што се разбира во политиката, му станува јасно дека нашите млади соседи, за своја несреќа стануваат мостови на туѓи кола...

Доколку Романија, Србија и Грција, би водела една трезвена политика тие би скренале од патот по кој слепачки денеска одат и кој ќе ги одведе утре во тињата на вечниот срам, а друг ден во сигурна пропаст... ако не можат да ни дадат некаква помош, барем да не им служат на нашите и нивните заеднички непријатели...“

Освен ова, органите на Македонската револуционерна организација го определуваат и својот став спрема европските земји. Пак весникот „Слобода или смрт“ (бр. 1, 10. II 1903) обрнува внимание:

„Ехото на нашата борба се разнесува далеку по светот и сите големи држави се занимаваат со нашето прашање. И Русија, и Австрија, и Франција, и Англија — поверуваа веќе во нашите сили и се плашат од востанието што го подготвуваме. И сите веќе говорат дека ние си ја заслужуваме слободата, и сите веќе наблегнуваат да ни се даде таа слобода".

Во повеќе статии весниците им обрнуваат внимание на лукавата игра околу неискрените и неполезни реформи за Македонија спроведувани од страна на Русија и Австро-Унгарија. Кон нив весникот „Слобода или смрт" се обраќа со следниве зборови:

„... Новите реформи што ни ги предлагаат Австрија и Русија се една горчлива подбивка за нас... И, сето ова значи, со еден збор речено: Мижи да те лажам!". (Види, в. „Слобода или смрт" (бр. 5, 10. III 1903).

Статиите што се поместени во споменатава публикација даваат целосна слика за состојбата на македонското национално-ослободително движење во предилинденскиот период. Покрај положбата внатре во Македонија, како што е на прво место развојот на револуционерното движење со основната парола: *автономна, слободна* и *независна Македонија,* во публикацијата се согледува и официјалниот однос на соседните монархии, духовните институции, европските сили спрема Македонија и македонското прашање. Покрај тоа, во приложените статии на публикацијата се разработуваат и редица прашања од внатрешната дејност на Организацијата. Со тоа, како што вели авторот во приложените статии во органите на ТМОРО се добива целосна слика за дејноста на Организацијата на сите полиња.

Покрај носечките и уводни статии на страниците на споменативе весници во повеќе рубрики како што се: „Хроника", „Трибуна", „Низ страниците на бугарскиот (или странскиот — м. б.) печат" и друго, поместени се повеќе прилози кои донесуваат вести од други весници или се препечатуваат цели статии печатени во разни странски или бугарски весници, а кои се однесуваат за Македонија и за македонското прашање.

Извршниот подбор на избрани страници од македонскиот револуционерен печат, пред сè на весниците „Право", „Дело", „Слобода или смрт" и „Изгрев" во избор на д-р Боро Мокров потполнуваат една одамнешна празнина во нашата научна мисла. Во таа смисла, трудот на Боро Мокров претставува забележителна и мошне корисна новина во историјата не само на македонското националноослободително и револуционерно движење, туку и во историјата на поновата македонска журналистика.

Александар ТРАЈАНОВСКИ